сабота
29 септември
2023
Година 3
Број 3

# ВЕСТИ ОД ПОДРУМОТ НА БАБА МИ

Текстови и дизајн: КАПКА
(Креативен активизам преку пародија, критика и алегорија)

# ЧИТАЈТЕ! ДОЗНАЈТЕ!

**::: Зошто Македонија ќе си го смени името во МекДонија!**

**::: Зошто пивото е добро за мажите, а лошо за жените!**

**::: Зошто во Ирак нема Веро!**

**::: Како Бед Хулио Прити ја напушти Хенифер Ханистон заради Анхелина Холи во *Вестите од светот на познатите латино-сапунски арии!***

**::: Како да направите Азот од боза… чекајте, тоа го имаше во минатиот број, или беше предминатиот? Како и да е, има интересни работи внатре, па ЧИТАЈТЕ!**



**::: Дознајте повеќе за заверата на забарите против слободниот свет со вградување микрочипови за перење мозок во пломбите!**

**::: Дознајте како интернетот ја уби телевизијата!**

**::: Дознајте како да се просветлите преку давање одредена сума пари на главатарот на *Сектата на просветлението и други светлосни ефекти!***

**::: И не заборавајте да се освежите со нашите спонзори: КОКАИНСКА КОЛА и да ја земете дневната доза ПРОЗАИК додека уживате во вестите од подрумот на … еве ја (со познатата реплика):**

## ГАСИ БЕ СВЕТЛО! ЦЕЛА ПЕНЗИЈА НА СТРУЈА ЌЕ МИ ОТИДЕ!

© copyright by The Baba

# ВОВЕДНИ ВЕСТИ

**Воведен збор од уредникот:**

Добар ден, драги читатели. Времињата се тешки, луѓето се отуѓени едни од други повеќе од кога и да е, никој никому не верува. А и со право! Ете, на пример вестите. Зошто да им веруваме на вестите? Нема причина. Затоа ние решивме да создадеме свој мал остров на вистината, мала утопија во која ве повикуваме да ни се придружите, мала драма во која ве повикуваме да учествувате со вашето внимание. А, сега внимавајте!

**Нашата мала фабрика за вести е сместена во подрумот на баба ми. Таа има 82 години, па ако повремено упаѓа во текстот и додева, не ѝ замерувајте, малку е изветреана. Па, да почнеме со денешните вести:**

# ВЕСТИ ЗА ВРЕМЕТО

Денеска времето беше ОК, со повремени напливи на не-ОК време и тогаш сите по малку се нервиравме, особено баба ми, која рече, цитирам: „Ако не ме умреш ти, ќе ме умре времево". Инаку времето е физички феномен кој многу луѓе до сега се обидувале да го дефинираат, но притоа успеале само да си ја разбушават фризурата. Како на пример:

Ајнштајн! Да, тоа е Ајнштајн. Погледнете ја внимателно неговата фризура. Праменот на левата страна на неговата глава е настанат кога тој открил дека под дејство на гравитација освен просторот, може да се закриви и времето. Од тоа сознание дошло до толку силно закривување на неговите мозочни бранови што тоа се одразило на неговата коса. Но, некои научници шпекулираат дека вистината лежи во една друга грмушка, поточно во една конкретна грмушка во која тој запознал една личност со исто така значајни закривувања во одредени (малку поинакви) делови од телото.



Се работи за младата студентка по фитнес - Фрау Памела Андерсон. Што се случило во таа грмушка не знаеме, но последните научници ги посочуваат токму тие случувања како причина за чудната фризура на Ајнштајн. Толку за времето. Сега нешто за просторот.

**Продавам простор. Или менувам за време. Цена по договор.
тел. 7654321**

# ВЕСТИ ОД ПРОСТОРОТ

Научниците кои се занимаваат со просторот, за разлика од тие што се занимаваат со времето и тврдат дека времето е бесконечно, велат дека просторот не само што е конечен, туку секој ден станува сè помал. Како екстремен пример на таа појава е токму нашиот град Скопје, каде што се собрани научниците од целиот свет за да ја испитаат оваа неизлечива чума на модерното време. Нашиот репортер се јавува од теренот.

**Репортерот:** Да, се наоѓам тука, на *Првиот самит на научниците кои го истражуваат феноменот на намалувањето на просторот*, кој се одвива во најголема тајност, позади затворените врати на прекрасниот хотел *Просто Оро*, во центарот на градот, каде што, меѓу другото се наоѓа епицентарот на оваа физичка аномалија. Научниците се воодушевени што можат да се најдат во центарот на случувањата, некои од нив дури паднаа во транс од среќа и ја почнаа да ја пеат песната „Зајди, зајди" и да бараат врски за добивање македонски пасош. Штом ќе дознаеме нешто повеќе за резултатите од Првиот самит на просторните научници, ќе ве известиме.

Ете, драги читатели каква е состојбата со просторот во светот и кај нас. Сега одиме со мал рекламен блок, па ќе се вратиме со најтазе вести, уште топли од печатарот.


## РОМПЕР-СТОМПЕР

Вашето Его има проблеми со просторот. Не ви помогна дури ни доградбата на 2 соби, 3 бањи и 8 балкони? Не грижете се. Тука е Ромпер-Стомпер! Само насочете го Ромпи кон куќата на вашиот сосед и тој ќе ја срамни со земја, а Стомпи веднаш ќе ви испечати уредна документација за поседување на земјиштето и ќе можете да почнете со изградба веднаш. Затоа, нарачајте го Ромпер-Стомпер сега, и ќе го добиете бесплатниот мини Био-Ромпер, совршен за забави; гарантирано дезинтегрира цел човек за неколку секунди.


**Ајварот - продукт бр.1 на македонската прехрамбена индустрија е пред нова ера!** Новата генерација на пиперки од австралиската сорта Дели 6 (Дели шест), произведена од македонските емигранти во Австралија раѓа шест пати повеќе од сите досегашни врсти. Оваа сорта има и уште една револуционерна особина, а тоа е ниска точка на Ајварливост, со што се заштедува на енергијата и времето вложени во процесот на производство на ајварот. За оваа сорта пиперки веднаш се заинтересираа Словенците и понудија огромни суми пари за нивно откупување и производство на нивниот светски познат Ајвер, но нашите емигранти категорично одбија, бидејќи тоа го правеле, цитираме: „Не за пари, туку за просперитетот и добросостојбата на својата матична држава". Аирлија!



# ТРАГЕДИЈАТА НА БАРБИ

**Баба ми:** Не можам веќе да издржам! Ќе ме умреш! Што правиш по цел ден долу? Барем заклучувај ја влезната врата. Не можам секој пат кога ќе влезе или излезе некој твој другар да трчам долу да проверувам дали е заклучено. Ќе ми влезе некој, ќе се скрие под скалите и ноќе ќе ми тропа на врата! Ќе умрам од страв, не можам повеќе. Заклучувајте ја проклетата врата!

*Се извинуваме заради малата диверзија на баба ми, која ненадејно упадна во текстот. Во денешната епизода на Поп икони кои го сменија светот, или барем влијаеја на голем број луѓе во него, ќе го разгледаме феноменот на куклата Барби.*

Барби настана во 1959 година и веднаш стана хит. Таа за милиони девојчиња ширум Америка, а наскоро и пошироко, претставуваше симбол на нешто недостижно, сон за Холивуд, гламур и убавина и контрапункт на нивните мајки-домаќинки. Во текот на еволуцијата на својот изглед Барби доби и сестра со поинаква боја на кожа, а на 38 години (во 1997 г.) нејзината анорексична половина конечно малку се пополни, но нејзината жолто-златна коса остана иста. Барби прозборе на 33 години, од нејасни причини (не навлегуваме во импликациите на оваа возраст, за која религиозните познавачи тврдат дека не е случајна) и првите зборови ѝ беа „Ќе имаме ли доволно облека некогаш?", „Обожавам шопинг!" „Сакам да правам пица забава" и „Часот по математика е здодевен".

По 40-тина години успех, Барби несигурно зачекорува во Новиот Милениум. Се појавуваат нови и поинтересни кукли на пазарот. Продажбата од година во година опаѓа. Производителите сфаќаат дека мораат да бидат во тек со времето и прават игра наречена „Барби против Годзила", која не доживува успех.

Потоа ѝ прават блог на кој таа ги запишува своите доживувања, мисли и поетски творби, од кои најпознати се „Блузот на фабричката лента", „Сакам да сум бринета" и „Пластика" (обработка на познатата песна на Идоли). Блогот е посетен, но недоволно и набрзо и таа идеја пропаѓа. Последната идеја, „Реалната Барби" доживува успех, но за кратко. По овие неуспеси набргу се јавуваат гласини за рушењето на тврдината наречена Барби. „Барби корпорацијата се наоѓа пред колапс!", тврдат аналитичарите, и додаваат дека доколку набрзо не направи нешто за да излезе од кризата, колапсот навистина ќе дојде. Причината за тоа, велат тие, е во тоа што децата од изминатите децении ја сакале Барби токму поради нејзината совршеност и недостижност, но бидејќи денес сѐ поголем број деца и возрасни наликуваат на Барби куклите и се однесуваат како нив, таа веќе не се чини толку недостижна.

Последната вест е дека Барби започнува судски процес против родителите и производителите на облека, козметички производи и слично, кои ја „барбаризирале" младината на Америка и уништиле еден идол.



**Барби си заминува во вечноста на спектакуларен начин - со експлозија, во согласност со нејзината животна приказна.**

## ЉУБОВЕН ОГЛАС

Барам нова женска. Згодна, забавна и без олово во крвта. (По можност да не е од Кина).

Шифра: Кен бара МанеКЕНка

# ПОДЕМОТ НА „МАКЕДОНКА”

Подучени од примерот на Барби, нашите производители на непопуларната кукла Македонка, го менуваат изгледот на оваа кукла облечена во традиционална народна облека и ја облекуваат според светските хитови. Ја репрограмираат сосема, и наместо да ја пее „Билјана платно белеше” и да се однесува понизно, програмерите на нашата позната корпорација за задоволство и разонода на обичниот граѓанин „Мерак” го имплементираат гласот и однесувањето на Париз Хилтон во оваа кукла. Ребрендирањето на „Македонка”, освен нов имиџ, подразбира и нови животни ставови. Израсната на социјалистичко млеко, потоа заменето со религиозно лепче, таа сега масовно се кљука со апчиња „Прозаик” за поттикнување на материјалистички ставови и вредности и генерално прозаичен став кон животот, загарантирано, од фабриката „Материјал грл из а хепи грл”. Новата „Македонка” ќе се вика „Холидеј-ин Лас-Вегас” и луѓето од „Мерак” се надеваат дека балканските мажи за кои е наменета оваа кукла во природна големина, конечно ќе си го најдат меракот. А сега вести од Балканот.



Старата МАКЕДОНСКА БАРБИ и нејзиниот маж БАЛ-КАН-КЕН (тука прикажани во градска носија) се заменети со поатрактивни и помодерни кукли.

# ВЕСТИ ОД ВАЛКАНОТ!

Балкан, зборот што асоцира на „валкан”, барем во умот на тие што се сметаат чисти, а тоа се небалканците, на нивна среќа и радост, конечно исчезна од географските карти и е заменет со голф игралиште. Овој огромен проект е финансиран од лигата на колку стари толку и богати Американци, кои велат дека климата на Балканот е совршена за играње голф, ама дека планините отсекогаш им пречеле да си ги остварат соништата и така решаваат да ги „испеглаат” и да си го направат овој терен според своите желби, да ставаат дупки каде што сакаат, знаменца каде што ќе им се допадне, вештачки езерца, тревни површини и слично, по желба. Бидејќи, неминовно се јави проблемот со живеалиштата на жителчињата на оваа рудиментирана провинција, старите и богати Американци овој проблем го решаваат колку генијално, толку и прагматично. На местото на секој град градат Мини-голф гратчиња за деца, комбинирајќи ги искуствата од Дизниленд и Голфворлд. Луѓето ги сместуваат во куќарките од Мини-голф игрите, со што се решава и проблемот со невработеноста, кој овој дел од светот го потресува повеќе децении наназад, бидејќи секој е задолжен за одржување на својата куќарка и теренот околу неа, за што е платен. И ете така, нашиот регион е повторно спасен од една странска и голема нација, која нè научи како да живееме подобро и да бидеме подобри кон себеси и својата околина. Толку за тоа.

# секојдневни маки на обичните луѓе:
# СЛУЧАЈОТ НА ГРАЃАНИНОТ ШКОР ЧЕ ГЕВАРОВСКИ

*Добар ден, драги гледачи. Се наоѓаме пред продавницата на нашиот сограѓанин Геваровски, кој рано изутринава станал да ја отвори истата, но се соочил со чудна појава. Господине Геваровски, објаснете ни што се случило изутринава.*

**Геваровски:** Па, како и секој ден, станав околу пет часот и тргнав по роба. Откако го завршив тоа, се упатив кон продавницата и кога сакав да отклучам, видов дека на решетките има катанци кои не се мои.

**Репортерот:** Знаете ли чии се?

**Геваровски:** Да. На соседот чие име нема да го кажам, ама тој си знае кој е, зашто ова не е прв пат вака да се „шегува" со мене.

**Репортерот:** Знаете ли зошто го прави тоа?

**Геваровски:** Знам. Од злоба. Мерак му е да се мачам додека ги скршам катанците. И секој пат наоѓа сè посилни катанци, само да се забавува додека јас се потам.

**Репортерот:** Но, зошто? Му имате направено нешто, па ви се одмаздува?

**Геваровски:** Апсолутно не! Апсолутно ништо! Знаете, сепак, јас сум човек кој простува, не е тој виновен. Времињата се такви. Човек на човека му е волк. Но, да не ве задржувам, а и јас морам да се фатам за работа.

# вечни маки на обичните луѓе:
# ОДГОВОРНОСТА НА СЕКОЈ ГРАЃАНИН КОН ОПШТЕСТВОТО

Господинот Геваровски од минатата репортажа кажа една реченица која ќе биде запаметена долго време по повторното отворање-затворање-отворање-затворање итн. на неговата продавница, долго време откако неговиот син Џеј-Ар Геваровски ќе ја претвори таа мала продавница во синџир супермаркети, а неговиот син Ди-џеј-ар Геваровски во дискотеки, а неговиот син Ем-Си-Ар Геваровски ќе ја запее во нив песната „Мерак ти е да се потам, додека ти уживаш", поттикната од истата позната реченица на неговиот прадедо. Затоа, внимавајте што зборувате, инаку вашите зборови може да се најдат први на топ листа од иднината, кога вредностите на уметноста и поп-културата ќе бидат спуштени на ниво во кое Шемса ќе биде Шопен. Тоа, освен што е само по себе деградирачки, претставува и реална опасност, бидејќи вашето идно-јас во идното време кога ќе биде измислена машината за патување низ времето ќе биде толку исфрустрирано поради репутацијата што ја има (мерено по неговите минатовременски стандарди и мерила за естетиката и уметноста) што ќе мора да се врати во минататото и да изврши убиство (т.е. самоубиство) на неговото минато-јас.



Уште еден од великаните во музиката, и несомнено генијалец, (види ја косата, сврти на стр.1, кај Ајнштајн) Џими Хендрикс, фатен токму во моментот на контемплација за соработка со Шемса.

# ВЕСТИ ОД КУЛТУРАТА

Денес ќе се одржи концертот на Шемса во придружба на Шопен, на скопското Кале. Шемса ќе биде пренесена со хеликоптер, а клавирот на Шопен, заедно со самиот Шопен, ќе биде доставен на лице место со камионот на Димче, превозник на стока, луѓе и предмети, од село Скопје. Концертот ќе започне со половина час задоцнување, бидејќи толку ѝ треба на Шемса да си ја намести фризурата. Инаку Шопен е и нејзин личен стилист и шминкер (на што нашиот познат стилист Сергеј - Иванович Ленин му завидува и тоа честопати го искажува со неговата фраза: „Кога косата на Шемса би била пролетеријатот, јас би бил нејзиниот Маркс). Очекуваме досега невиден мултимедијален настан, во кој се ангажирани преку 150 луѓе, летечки акробати самоубијци, експлозивни направи од Прва, Втора и Трета Светска Војна. Овој настан е потпомогнат од американската амбасада и американскиот амабасадор Шемсиќ (инаку сопруг на Шемса) и со овој перформанс-арт-фарт-настан-инсталација-артистички евент ќе биде означено отворањето на американската амбасада која веднаш потоа ќе биде затворена за очите на јавноста, а отворена кон надвор. Го прашавме амбасадорот, како планираат да го направат тоа.

**Репортерот:** Драг и мил, возвишен, а милозлив, семоќен амбасадоре на САД, господине-господине Шемсиќ, како планирате да ја остварите најавената затворена-отвореност.

**Шемсиќ:** Амбасадата ќе биде обложена со блиндиран глас. Всушност, тоа е материјал чие име и состав не би смеел да го соопштам, бидејќи е њу технолоџи на американската милитари. Материјалот е сосема непробоен, не само механички, туку и визуелно, но само од едната страна - вашата. Ха-ха-ха...

**Репортерот:** Дали тоа значи дека нема ништо да се гледа од надвор?

**Шемсиќ:** Не, и во тоа е кечот... хм... финатата, јес. Вие ќе гледате нешто, но тоа не е вистинскиот изглед на амбасадата, тоа е само холограм, да речеме, ха-ха. Но, тоа не е се. Овој плекси-стакло е непробоен и за мисли и идеи, значи, ништо од тоа што вие го велите или дури викате ние не можеме да го слушнеме, а сè што ќе речеме ние – вие ќе слушате и послушате. Ха-ха-ха!

**Репортерот:** Прекрасно! Ви благодарам пресветол господине-господине-господине Шемсиќ. Ете, драги читачи, слушнавте како во случај кога човекот самиот себеси може да си биде волк, на помош му доаѓа супериорен човек и напредна технологија да го спречи во тоа и да го подучи како да биде подобар волк, мислам човек.

ПУШ, ПУШ МИСТЕР БУШ.
ПУШ МИСТЕР БУШ. А, ЈЕ!
ајде сите заедно!



**Амбасадорот Шемсиќ и неговата специјална единица Лисици, обучена за опсада на историски споменици**

# МЕКДОНИЈА

*Македонија реши да го разреши долгогодишниот спор со Грција околу името со нејзиното преименување во Мекдонија. Портпаролот на одборот за преименување во врска со ваквата одлука ни соопшти:*

**Портпарол:** „Македонија... (новинари го туркаат) *уф*... веќе одамна нема никаква врска со нејзиното име... *ох*..., кое потекнува од времето на античка Македонија, мораме да си признаеме. Времињата се менуваат, историјата исто така, денешната Македонија многу повеќе наликува на некоја ... *ај! Полека бе!*... пост-нуклеарна Дизниленд квази-Америка, па затоа решивме да создадеме име кое ќе нѐ опишува такви какви што сме... *еј!*... , а утре ако се сменат општествените прилики, боже мој, пак ќе го смениме името. Беа предложени имињата Мики-маусдонија и Мекдонија, од кои, по долга расправа беше прифатено второто, бидејќи, да бидеме реални, Мики Маус е одамна мртов... *оф*... , а нездравата храна вечно ќе живее... *(во тој момент некој му пика диктафон во устата) ммм! Па навистина нема смисла!*... Ваквиот чекор е првиот од низа чекори кон правењето бренд од нашата држава. Сега секој кога ќе го чуе нашето име ќе знае што го очекува и што е најважно – нема да има забуни."

**Репортерот:** Но, одборот на најпознатиот американски производител на брза и нездрава храна Мекдоналд веднаш стави вето на преименувањето на нашата држава во МекДонија.

Од владата и одборот за преименување се разочарани од ваквата одлука на Американците и велат дека, цитирам: „Се наоѓаме во навистина незавидна положба. Грците нема да дозволат повторно да се наречеме Македонија." По денешната седница било одлучено Македонија привремено, додека не се најде друго решение да се вика „Кукубашимутартикија".

*Последните известувања велат дека малиот народ на Кукубашимутарци што живее во шумите на Танзанија стави вето на ваквата одлука, поради сличноста на нашето име со нивното омилено и традиционално јадење, кое во превод значи „Скакулци на скара попрскани со Школско пиво".*



„МекДонија се раѓа", новата химна...

**Пробајте „ШКОЛСКО ПИВО", за деца од сите возрасти, увезено од Кина (загарантирано без олово).**



# ВЕСТИ ОД СВЕТОТ

*Северно-американскат̄а држава Американа ѝ објави војна на јужно-африканскат̄а држава Гана. Порт̄т̄аролот̄ на владат̄а на Американа, зат̄рашан за т̄ричинит̄е за објавувањет̄о на војнат̄а, изјави:*

**Друг портпарол:** „Бевме таму и видовме страшна ситуација. Луѓето таму немаат супер-маркети, замислете! Немаат кабловска телевизија, интернет! Како осумнаесетти век! Половина час баравме Мекдоналдс и никаде не најдовме, за да дознаеме дека и нема. Бевме шокирани. По шокот отидовме барем да се освежиме со по едно пиво и откривме дека таму немаат ниедно од нашите пива, туку само од локалните. Таква е ситуацијата со сите прехрамбени, текстилни, индустриски производи и откако го заклучивме тоа, решивме дека тоа не е здраво за оваа државичка и дека ние треба да го смениме. Му предложивме на претседателот отворање на супер-маркети, трговски центри, забавни центри, технолошка, информатичка револуција... но, тој не беше заинтересиран. Рече дека економијата им е слаба, но биле задоволни и преживувале. Тогаш заклучивме дека претседателот им е диктатор и веднаш започнавме воена акција, по која, во четвртокот е закажана градежна акција. Да се надеваме дека наскоро таму ќе ја видиме копијата на нашата држава."

**Репортерот:** Не е прв пат ваквите процеси да се случуваат во една земја од третиот свет (добитник на бронзен медал на натпреварот на световите), туку напротив се многу чести. Едни критичари велат дека Американа ја сака нафтата на окупираните земји како голем извор на профит, а други велат дека позади ова стојат големите корпорации кои ги шират своите брендови и производи насекаде низ светот со примена на оружје и насилство, а во договор со владата на Американа, која добива процент од сето тоа. Трети велат дека се работи за комплекс на помала вредност којшто оваа нација израсната од толпа убијци и крадци, шљамот на стариот континент кој што сакајќи да се испере од недостојното минато гради блескава иднина во која кога сите ќе наликуваат на нив, никој веќе нема да може да ги исмева и потценува... Тоа е сè, народе!

**Текстуална режија:** Чекај бе, вести од времето.

**Репортерот:** Ма кој го шиша времето, да нема да садиш пиперки во дворот па те интересира дали ќе врне? Морате да прифатите дека модерниот човек е релативно независен од временските услови, како и од поголемиот дел од природните појави. Велам релативно зашто во таа категорија не спаѓаат природните катастрофи, а тие и така не можат да се предвидат, па што се мачиме тогаш со тие здодевни вести од времето. Ќе ви кажам вести од времето: Утре времето ќе биде сегашно!

**Изградбата на Гана започна!**



сепак:

## ВЕСТИ ОД ВРЕМЕТО

Времето утре ќе биде врнежливо и се препорачува седење дома и слушање меланхолична музика. Сè друго е залудно.

# ТОП ОФ Д ШОПС

**Најдобриот продавач на сите времиња, Џорџ Карина, по ваше барање, ви претставува:** Квалитетно, неповторливо, евтино, поволно, не пропуштајте, морате да го имате, секое домаќинство е непотполно без него, ќе умрете веднаш ако не го купите, веднаш! Единствен производ, неповторлив бренд, ќе се каете ако не го земете, побрзајте! Побрзајте, јавете се веднаш, веднаш јавете се на бесплатниот број за бесплатна достава и бесплатна инсталација. Немате пари? Нема проблем! Не е шега, нема ризик, единствено ако не се јавите веднаш, затоа побрзајте, јавете се! Јавете се веднаш, нарачајте, нарачајте побрзо на бесплатниот телефон, бесплатна достава, бесплатна инсталација, само платете! Бесплатна презентација во вашиот дом, нема да си отидеме додека не нарачате. Јавете се, операторки со пријатен глас ве очекуваат да ви кажат кој производ одговара за вас, за вашиот џеб и вашите потреби. Нарачајте веднаш и како подарок со производот ќе добиете бесплатен сет од луксузно дизајниран, стилско стилизиран, високо квалитетен и модерен сет од три пенкала. И тоа не е се, како бонус подарок добивате бесплатен сет од луксузно дизајнирани, стилско стилизирани, високо квалитетни и модерни три моливи! Побрзајте, не чекајте, не двоумете се, решете се, веднаш! Ако производот не ги задоволи вашите потреби, вратете го, а ние ќе ви ги вратиме парите, задржете го подарокот, зашто ние мислиме на вас, ние мислиме на нас, мислите ли вие на нас… мислете на нас, мислете на нас, мислете на нас…

# Д-Р КАРИЕС СО НОВ ПРОНАЈДОК



*Во светот е измислена нова технологија на рекламирање која функционира преку праќање електро-магнетни сигнали во забите на луѓето. Како се постигнува тоа, го запрашавме д-р Заболе Кариес.*

**Репортерот:** Господине Кариес, за што се работи?

**Д-р Кариес:** Се работи за напредна технологија изработена од стоматолошко-технолошката институција на ЗАСА (Заболекарска Асоцијација со Современа Апаратура), патентирана од почитуваниот виш Стоматолог д-р Заб Олдрин, која применува современа вселенска технологија за вградување микрочипови во пломбите на пациентите. Микрочиповите се всушност микро-приемници преку кои тие ги примаат сигналите од нашите рекламни агенции.

**Репортерот:** Но, како луѓето се решаваат на тоа?

**Д-р Кариес:** Тоа не е проблем. Поправката на забите е бесплатна, па имаме многу кандидати. Еве, во моментов во чекалната има преку 30 луѓе.

**Репортерот:** Да одиме да запрашаме некој од кандидатите. Господине, зошто се решивте на ваков драстичен чекор?

**Господинот:** Заради бесплатната поправка, се разбира.

**Репортерот:** Зарем нема да ви пречат постојаните реклами емитирани во вашите заби?

**Господинот:** Не.

**Репортерот:** Нема да ви пречат гласовите во главата?

**Господинот:** Подобро тоа од забоболкава.

**Репортерот**: Ете, драги читатели, на што сè се решаваат граѓаните на нашата држава. Гледате до каде стигнува бедата на обичниот граѓанин (го туркаат)… *уф*… кога се решава да слуша секојдневни глупости и… *полека бе, пазете малку* … обични срања од кои некој друг се богати…

**Сестрата:** Господин Забоболков.

**Толпата:** Јас! Јас!

# ВЕСТИ ОД ИДНИНАТА

## ТВ vs ИНТЕРНЕТ

Денес е 04.04.2024. Ги гледате вестите на првата и единствена државна програма, всушност, единствената програма на телевизијата. Денес згасна и последната приватна телевизија во нашата држава. И кабелските оператори решија дека е бесмислено да нудат програма која што никој не ја гледа. Дури и јас се чудам за кого ги читам вестите, но се надевам дека некој ќе го пренесе ова на интернет, инаку единствениот медиум кој што го користите вие, драги читатели. Нам не ни останува ништо друго освен да ја запееме песната "Internet killed a television star!" Ајде, сите заедно.

**Репортерот:** Добар ден и дојдовте на денешниот меч на телевизиските програми против интернет програмите. Денес имаме историски натпревар. Последната преживеана телевизиска програма Телевизија Тиранија Рекс, ќе се бори против интернет програмата Електро Кикер. Рекс влегува во рингот и е пратен со свирежи од публиката, која го извикува името на Кикер, кој сега влегува во рингот. Владее еуфорија. Противниците се одмеруваат. Кружат еден околу друг. Се испитуваат. Рекс го упатува првиот пасивно емитирачки бран од електрони. Кикер го избегнува, свиткувајќи се на лево и возвраќа со мрежа од удари кои го начекуваат Кикер неподготвен. Кикер паѓа драги читатели. Телевизијата паѓа! Последниот Мохиканец е на подот! Кикер ги крева рацете и ја поздравува публиката воведувајќи нè во нова епоха. Тоа е крај на оваа сезона на *Интернет версус телевизија*. На пролет започнуваме нова сезона наречена web 13.0 против web 14.0, тежок натпревар помеѓу силни противници.

**Борбата меѓу Давид и Голијат започна! Обложете се на посилниот.**



*Дали новото повторно ќе го победи старото, или е време да се свртиме кон минатото, да погледнеме наназад и да се позиционираме подобро кон поголеми цели, кон подобар квалитет на живот, наместо само слепо да бидеме носени од буицата на технолошкиот напредок, не знаејќи ни самите каде одиме, не знаејќи дека позади тоа стои само желбата за контролирање на нашите животи од страна на моќните, желба за поголема моќ, пари, контрола, богатство, надмоќ, контрола, потчинување на нашите животи, нашите идеи, нашите желби, нашите соништа, нашето време кое им го подаруваме во огромни количества, а за што, за што, за што....*

*Се брзам бе, бабо, остаи ме.*

**Баба ми:** Само вие брзате некаде како муви без глави, како да немате мозок!

*Добро, добро, ама стварно се брзам.*

**Баба ми:** Во наше време беше поинаку. Никаде не се брзавме. Дедо ти чекаше пет години да ме запроси. А во меѓувреме се немавме ни бакнато. Сѐ што правевме заедно беше шетањето на корзо. Јас не смеев ни да го погледнам, а камоли да се насмевнам. А денес!

*Да, да…*

**Баба ми:** Денес трчате како муви без глави, сакате да се збогатите набрзина, ќе го уништите градов, деца бе, на што личи ова веќе, јас ви велам, градов повеќе личеше на град во мое време, отколку сега, сега е само еден голем циркус, циркус на штурци облечени во оделца што трчкаат наоколу и скокаат како некои безглави инсекти.

*Бабо бе, што ти е денес со безглави муви и инсекти. Стварно се брзам.*

**Баба ми:** Да знаеш дека тоа ќе ве чини, зашто безглав не се раѓа, туку се станува. Вашите деца ќе плаќаат за вашата безглавост, вашите внуци, не мислите на иднината, мислите само на денес, како да го зграпчите моментот.

*Бабо, бе…*

**Баба ми:** Ајде, оди, бркај си ја работата, бркај безглава работа, безглави суштества низаедни.

## УРБАНИ И НЕ ТОЛКУ УРБАНИ (ДА НЕ РЕЧАМ СЕЛСКИ) МИТОВИ

*Денешните вести ги отвораме со рубриката „Урбани и не толку урбани (да не речам селски) митови” Денешниот мит тврди: Кокошките може да живеат и без глава. Научниците и сведоците велат дека тоа е точно. И тоа не само на неколку минути. Кокошките кои биле членови на разни секти сведочат за вистинитоста на оваа појава. Интервјуиравме една.*

**Кокошката:** Бев член на *Сектата на просветлението преку давање одредена сума на главатарот на сектата*. Секоја недела се изведуваа ритуали на жртвување, при што некои од нас беа избирани и колени. Понекогаш се случуваше некоја заклана кокошка да продолжи да се движи наоколу и да се однесува сосема нормално, како ништо да не се случило.

Научниците велат дека тоа е возможно поради тоа што често при колењето на кокошките не се оштетува мозочното стебленце коешто е одговорно за најголемиот дел од рефлексите. Навистина!

## ВЕСТИ ОД СВЕТОТ НА ЛАТИНО-САПУНСКИТЕ ЅВЕЗДИ

Вести од светот на познатите Латино-сапунски ѕвезди. Хенифер Ханистон има нов дечко. После раскинот со Бед Хулио Прити, Хенифер даде сѐ од себе да му покаже на Бед и неговата нова женска Анхелина Холи дека не ѝ е гајле што таа ѝ го земала најзгодниот дечко на планетата и дека продолжува со животот. После неколку неуспешни врски, таа сега е во врска со британецот Пол Скулптор, сегашен модел, поранешер масон, иден тенисер-батлер-голфер и специјалист на зборување со врел компир во устата. Тие двајца се видени во ресторан кај Доналд Дакињо, а потоа во Мек Роналдињо и очевидците тврдат дека изгледале среќно и заљубено. Хенифер вели дека Пол можеби не е латино љубовник како Бед Хулио, но дека секако има манири и култура „Хулио знаеше да ждрига и прди на масата додека јадевме. Пол никогаш не го прави тоа, а ако веќе мора, се извинува и оди во тоалетот,” вели среќната Хенифер која се чини конечно успеа да најде излез од провинцијализмот на сопствената средина и да се пресели во повисоките сфери на постоењето. Очевидците велат дека таа е на седмо небо и дека двајцата трчкаат наоколу луди од заљубеност како две муви без глава.

*Последни вести велат дека Хенифер и Пол не се веќе заедно, поради недоразбирањата околу напорниот работен распоред на скулпторот-масон-тенисер-голфераш-батлер и специјалист за зборување со уста полна со врели компири, Пол.*



Љубовен триаголник: Анхелина Холи, Бед Хулио Прити и Хенифер Ханистон

# И СОНЦЕТО Е ЅВЕЗДА

Но, на вестите од светот на латино-ѕвездите им нема крај. Хулиана Робертс, познатата латино ѕвезда со нејзините впечатливи улоги во филмовите „Убавата хиена" и „Херина Броколиќ", беше наградена со награда за животно дело во областа на унапредување на хортикултурата и растителните видови, како и фауната, поради нејзините откритија на нов вид Брокола и нов, мутиран подвид хиена-куче-слон-пингвин-мамут-желка-охридска пастрмка-змеј-хари потер-питекантропус-мравојад-црв-еурокрем-миксер-куче (различен вид од претходниот)-маче-корал-без'рбетник-паразит-вирус... без глава! Нашата опожарена и опустошена земја ја повика госпоѓицата Хулиана како експерт по флора и фауна и сите нивни подвидови и мутирани видови да дојде и да ни ја оживее земјата. На Хулиана ѝ беа понудени милион долари, на што таа се насмеа и одговори: „Ќе морате подобро од тоа!", на што нашите понудија два милиони, а таа се насмеа: „Толку добивам за да прднам во филм", на што нашите ѝ понудија последна понуда од пет милиони, објаснувајќи дека тоа е навистина последна понуда зашто во касата толку има, ќе остане само нешто ситно за функционерите на државата, но Хулиана и овој пат одби со зборовите: „Имате ли мозок вие, па толку добивам за само еден подвид на хиена-куче-слон-пингвин-мамут-желка-охридска пастрмка-змеј-хари потер-питекантропус-мравојад-црв-еурокрем-миксер-куче (различен вид од претходниот)-маче-корал-без'рбетник-паразит-вирус... без глава!

*И ете, драги читачи, нашата земја повторно остана без странска помош. Оставени сме сами на себе и на нашите безглави водачи, надевајќи се дека некој, некаде, некогаш, ќе го пронајде каменот на мудроста – главата на нашиот одамна починат татко на нацијата и цивилизацијата. А сега квиз.*

# КВИЗ: КОКО-ДА, КОКО-НЕ

**Водител на квизот:** Добар ден, драги читачи. Денес со нас е госпоѓата Кокош Јасупа, кој во минатиот квиз заврши со 100.000 јајца во нејзината среќна кошница. Како се чувствувате, госпоѓо Кокош?

**Јасупа:** Одлично.

**Водител:** Дали сте подготвени да одите до крај, да ги соберете сите три милиони јајца.

**Јасупа:** Секако.

**Водител:** Кој ни е на помош во публиката.

**Јасупа:** Мојот маж. Господин Кокош.

**Водител:** Како сте господине Кокош.

**Г-дин Кокош:** Куку... рикууу!

**Водител:** Не баш добро, а?.. Одиме со прашањата.

**Водител:** Колку жители има републиката Земимебамбе, ако по глава на жител има две јајца, а по глава на жителка ниедно?

**Јасупа:** Тешко прашање. Ќе го консултирам мажот.

**Водител:** Господине Кокош?

**Г-дин Кокош:** Куку... рикууу!

**Водител:** Ете, го слушнавте одговорот.

**Јасупа:** 2 милиони 150 илјади и два.

**Водител:** За малку. За жал ги губите вашите пари и вашето тело кое ќе биде претворено во вкусна кокошја супа, а вашата глава која ја оставивте како залог за учество во квизов, ќе биде искористена од организаторите на квизот, а на кој начин нека остане тајна, сепак да не откриваме сè. Е па, гледајте нè наскоро и пријавете се на нашиот квиз, пријавете се, побрзо, побрзајте!




**Позната сцена од возбудливиот квиз со натпреваруваачот Бил Геј.**

# ВО ПОЧЕТОКОТ БЕШЕ ТЕМНИНАТА…

**Детето:** И потоа…

**Раскажувачот:** Тесла ја создаде наизменичната струја и сè почна да се забрзува.

**Детето:** Како тоа „да се забрзува?"

**Раскажувачот:** Така, годините станаа месеци, месеците недели, неделите денови, деновите минути, минутите секунди, секундите стотинки, стотинките милисекунди, милисекундите парсеци и ја достигнавме долната граница на делењето на времето. Тогаш се појави Ајнштајн, кој нè научи дека времето е релативно.

**Детето:** Тоа е како кога си заљубен, времето просто ти лета!

**Раскажувачот:** Релативноста е поим којшто ја дефинира физичката реалност на нештата. Тој нема никаква врска со чувствата, а особено не со љубовта.

**Исако Фернандез:** Но, сепак има. Природата е создадена од четири елементи: вода, земја, оган и воздух, но тие сами по себе се материјални и не можат да направат ништо. Затоа им треба љубовта, да ги воздигне и да ги направи „магични". Љубовта може сè, Марија, дури и да ја воздигне материјата до духовни сфери. Како мојата љубов кон тебе. Јас бев прост селанец и неук сточар, сељак, како што би рекла ти, но заради тебе посакав да учам, се запишав на факултет, учев и еве, конечно, дојдов со дипломава пред татко ти, да те запросам.

**Марија:** Исако! Тоа е прекрасно. Веднаш ќе го викнам татко ми.

**Алберто:** Значи, ти Исако, сакаш да ја земеш Марија за своја жена.

**Исако Фернандез:** Да.

**Алберто:** Од што планирате да живеете?

**Исако Фернандез:** Завршив факултет. Ќе барам работа.

**Алберто:** Ќе бараш работа со факултет! Ха-ха-ха…

(Исако ја наведнува главата и се свртува. Бега.)

**Марија:** Исако! Исако!

**Алберто:** Не викај го, ќерко! Победата е моја! (Пее со Холивудски глас:)

*Револуција во науката направив јас*
*Исако го свитка својот научен опаш*
*Релативноста е сега во мода*
*Секое дете мора да ја проба*
*Имаме со вкус на топчеста јагода, малина*
*чоколадо, ванила и закривена банана!*
*Повелете, повелете*
*Релативност по најниска цена*
*Повелете, повелете, побрзајтеее!…*

**Марија:** Отсекогаш науката ти била побитна од мојата среќа! Буаааа!...

**Алберто:** Марија, сине!.. Ние генијалците отсекогаш сме биле неразбрани... (за себе) Но, некои од нас сепак добро се продаваат.



**Њутн размислува.
Детето јаде јаболко.
Толку.**

# ИНТЕРМЕЦО

Ајнштајн: Јаболкото паднало на главата на Исак Њутн, не затоа што било привлечено од гравитацијата на Земјата, туку зашто мислите во главата на Њутн го излуделе Телепатскиот Црв, кој со телекинеза го џитнал јаболкото кон главата на Њутн.

Телепатскиот Црв: Да, тоа е точно, но, колку да се знае, да беше Ајнштајн долу, ќе му го срушев и дрвото на глава.

Њутн: И тој Црв  и Ајнштајн се луди. Тотално луди! Си играат со светот и вселената како да се богови. Запалете ги!

Јаболкото: И мене ми е доста. Сè си доби признание: Њутн, Земјата, Гравитацијата, сè освен јас. Зарем не бев јас тоа што го просветли Њутн!?

# ВО СВЕТОТ НА КОНСУМЕРИЗМОТ

*Тоа беше нашата рубрика **„Филозофија, религија, наука, благи работи и семејни интриги на познатите, не толку богати, но славни научници, на шпански начин"**. Се надеваме дека уживавте. А сега реклама.*

**Консумерист:** Жена ми ме прати во продавница да купам некои работи. Па, да видиме што треба да купам:

1) „МУСЛИ СТАДО", житарици полни со идеолошки витамини и религиски минерали. Играчка-награда, идол којшто кажува некоја од пораките за придружување кон народното стадо кога ќе повлечеш рачка врзана за него. Исклучително важно за насочување на младите мозоци.

2) Шампон: „ДЕТЕ-ШАМПИОН", шампон кој прави шампион во послушноста од детето. Служи за перење на мозокот на децата, ефикасен за сите возрасти, но што е најбитно ги отстранува свест-вошките (нано-роботи накркани со електронски еквиваленти на хемиските психоактивни состојки; еден од најновите производи на надземјето), толку ситни, а толку опасни за зачувувањето на поредокот во нашиот свет.

3) „КОКАИНСКА-КОЛА", за моменти на депресија и потиштеност. Опасна ако не се меша со:

4)"ПРОЗАИК", нашата омилена дрога, која го урамнотежува преексплозивниот карактер на кокаинот и ги умртвува лошите нус-мисли за слободата, таа одвратна и непожелна работа во нашето совршено општество…

*Консумеристот влегува во супермаркет на кој пишува „Веруј!" Се меша со толпата. Гледа надолу и се движи незабележително. Ја слуша музиката во позадина. Полека ги крева рацете. Нозете почнуваат да му цупкаат. Појако е од него. Заигрува. Неколку други купувачи му се придружуваат. Сите земаат производи од полиците, се поддаваат со нив, ги прегрнуваат, ги креваат високо во воздух... Наеднаш - темница!*

**Водителот Боб:** Добра вечер, драги гости. Дојдовте од сите краишта на сите Вселени да го проследите вечерашниов процес. И нема да се разочарате, зашто вечерва имаме многу интересен гостин. Кажете ни, Господине Консумерист, што се случи?

**Консумерист:** Прво би сакал да ги поздравам сите луѓе што ги познавам а што ја следат програмава. Не знам, Боб, добро ми тргна. Бев пратен да ја шпиунирам таа манијакално-потрошувачка материјалистичка квази-вселена, но работите некако тргнаа наопаку, бев вовлечен од некоја непозната магиска сила, но - слушајте!

Проблемот не е во нив - производителите, тие само се обидуваат да преживеат. Проблемот не е ни во жителите на тој свет. Тие заедно создале еден вид симбиоза, совршена соработка на паразит и домаќин, но тука луѓето не се жртви на производителите. Би можеле работите да ги поставиме и инаку. Можеби, производителите се жртва на луѓето, зашто тие мораат да работат деноноќно на измислување нови и интересни, поинтересни и попривлечни производи само да ги задоволат муштериите. Тие се некој вид робови на муштериите, а не обратно. Но, како и да е, мислам дека нивото на хармонија во тоа општество е највисоко досега, од сите постојни, па дури и од тоа кај мравките.

**Водителот Боб:** Интересно гледиште, господине Консумерист. Да видиме што мисли публиката. Дали успешно сте ја извршиле вашата мисија и дали можеме да ве пратиме на следното ниво од нашата возбудлива игра, или ве враќаме назад. Сега!

**Публиката:** (Се слушаат гласови од секаде. Господин Консумерист малку се тргнува од силината на викањето.) Назад! Понатаму! Назад! Понатаму!... (и така некое време)

**Водителот Боб:** Помина времето за гласање. Мене ми се чини дека „Назад" овој пат е погласно. Да, имам потврда од жирито. Ни останува уште да ви ја соопштиме формата во која ќе се вратите на Земјата, а тоа е формата на црв!



**Повелете во *Веруј*:
подароци за целото семејство!**

# СУПЕР

**Дали е тоа куршум? Дали е тоа ракета? Дали е тоа автобус на ЈСП? Не, тоа е Супер-Македонец. (По име Петко)**

*Луѓе чекаат во редица во супер маркет. Се движат полека. Наеднаш меѓу нив долетува Супер Петко!*

**Супер Петко:** Има ли нарушување на редот тука, има ли уфрлување преку ред?
**Човек#1 од редицата:** Супер Петко!

**Супер Петко:** Фала, фала, автограми после. Има ли, одговорете.

**Човек#2 од редицата:** Нема, Супер Петко.

**Супер Петко:** Така значи! (Ги крши од ќотек човекот#1 и човекот#2. Се врти наоколу и му се обраќа на првиот човек што го гледа. Го зграпчува и го пика пред првите двајца.) Е, така. Правдата е задоволена.

*Внимавам и на вас, читатели! Само ако видам почитување на ред и редици! И ова не важи само за супермаркетите. Дуќанчиња, аптеки, болници, банки, администрација, кажете го, нема да згрешите, секаде е применливо! Супер Петко, одиме понатаму!*



Супер Петко ги подучува граѓаните на телефонските манири.

*Човек седи дома. Гледа телевизија некое време. Потоа станува и се јавува на телефон. Врти некој број.*

**Мирко:** Ало. Добар ден, на телефон е Мирко, ми треба Славко... Дали е тоа 7654321? Не. Се извинувам. Пријатно.
(Наеднаш се крши прозорецот и внатре упаѓа СТ. Се тркала по подот и се тресе од стаклото некое време, пцуејќи нешто неразбирливо.)
**Супер Петко:** Што беше тоа, граѓанину Мирко!?
**Мирко:** Молам?
**Супер Петко:** Те прашав, што беше тоа на телефон, трет пат не прашувам, туку ќе те фрлам низ скршениов прозорец.
**Мирко:** Грешен број.
**Супер Петко:** Грешен број! Викаш грешен број! Грешен број!!!
**Мирко:** Д... да.
**Супер Петко:** И, ти што му кажа на грешниот број? Што? А?
**Мирко:** П-па. С-се извинив.
**Супер Петко:** Се извинил. Малиот се извинил. Се извинил, син на мајка! Така ли ве учев бе, така ли ве учев... Се извинил, бе... Како ве учев, како! А!?
**Мирко:** Н-не знам!
**Супер Петко:** Не знаеш? А, знаеш да се извинуваш! А!? Јас ќе ти кажам: требаше само да спуштиш слушалка штом дозна дека бројот е грешен.
**Мирко:** Д-да.
**Супер Петко:** Д-да, што?
**Мирко:** Д-да, голем и семоќен кралу на провинцијализмот и некултурата, совршен…
**Супер Петко:** И преубав!
**Мирко:** И преубав Супер-Супер Петко.
**Супер Петко:** Така те сакам. Мојата мисија е завршена.

*Ако сакате да дознаете повеќе за мојата мисија и моите десет заповеди посетете го мојот сајт дуплове дуплове дуплове точка Суперисимо долна црта Петко точка ком точка мк или гледајте ме на Шител секој четврток во емисијата „Петко ти си цар, на нашата култура говедар!"*

# МАКЕДОНЕЦ

## СУПЕР ПЕТКО, во реално шоу, ток шоу, квиз, гатанка, шпанска серија, опиум за толпата: „Петко ти си цар, на нашата култура говедар!"

Денешната емисија ја започнуваме со редовната рубрика „Најголеми глупости кажани од луѓе што се прават паметни, а не се попаметни од мене". Денес гостин-мисла, ова јас го смислив, умно нели, ни е Рамбо Амадеус со мислата:

*Во Европа не се влегува, Европа се станува. Еве јас го направив мојот чекор со тоа што се туширам секое сабајле.*

Каква глупост. Па, сите ние знаеме дека во Европа не можеме да влеземе зашто не сме богати, зашто таа нема интерес од нас, а не зашто не се тушираме. Што сакал да каже овој, јас не знам, но знам дека ако искрено веруваме, ако се трудиме да бидеме поалчни и полоши едни кон другите, дека имаме шанси. Па, видете ја само Европа, сè сами корумпирани идиоти и лажговци! Такви треба да станеме, а не да се тушираме. Верувајте во себе. Не им верувајте на другите. Не ги пропуштајте пешаците на пешачки, ако сте возач, исто така возете што побрзо, не кочете на црвено и тргнувајте пред жолто, а ако сте пешак, потрудете се да не држите отпадоци во рака, туку право на улица! Направете ја улицата Европска и вашиот двор ќе стане Европски, па и вашата куќа! Да, тоа е добра идеја. Фрлајте ги отпадоците дома, на под, на кревет, во креветчето од вашето дете, зашто, светот на децата останува, па и ѓубрето. Ќе се туширал. За кого бе? Како на Европа да ѝ е гајле колку сме чисти. Само гледаат како да нè завојуваат и скараат со самите себеси, со соседите, со сите. За да можат да направат мали послушни кловнови од нас кои ќе клекнат пред нив и ќе велат: *Да, Европо, да, еве сега, еве веднаш господару, да еден смешен танц, Тешкото се вика, да ве задоволам, ќе се смеете ли?* Е нема! Нема додека Супер Петко е тука!




Армијата на Супер Петко од „популарните" денови.

**А, сега, специјално издание:** *Исповедта на Супер Петко која ги урна Телевизиските рејтинзи и му ја заврши кариерата на медиумска супер-ѕвезда и спасител на Македонија.*

Не е лесно. Знам дека очекувате многу од мене. Сепак, не е лесно. Знам дека ни вам не ви е лесно. Но, видете, и јас сум збунет, не знам што треба да правам. Ми велат едно, па потоа друго, навистина сум бесен понекогаш. Но, верувам во себе, верувам во вас, верувам дека можете. Емисијата е само лице. Ни јас не верувам веќе во неа. Но, тоа не сум јас. Тоа сум јас каков што ме прави реалноста во којашто живеам. Вистинскиот јас би сакал да го работи чесно она што го сака, ете би сакал да пишувам книги и да можам да живеам од тоа, но не може. И затоа морам да правам шоу од себе, да се преправам, да ги изневерувам своите принципи за да можам да преживеам. Навистина ми е смачено од сето тоа, но немам избор, ме разбирате ли, немам избор…

***Еј, каде одите. Застанете. Еј… Ебаго, знаев дека не требаше да се исповедам. Ете, само спектакли ве интересираат, само забава, ништо човечки, ништо искрено и вистинито…***

# НЕ(РЕАЛНО)ШОУ

Поради неверојатното научно откритие кои ги протресе научните теории за настанокот на човекот, ви пренесуваме дел од историјата на тоа настанување кое се случило токму тука, во нашата држава, значи не во Африка, туку тука, во Дони Маќеа!

Бидејќи со самото тоа што бил прв, Првиот човек бил постојано сам и еден ден полудел, па си откорнал едно ребро и си правел муабет со него. Бидејќи добро се сложувале, се земале и изродиле многу ребро-луѓе, кои по илјадници години генетски мутации го достигнуваат денешниот облик на човек, каков што го знаеме. Но, цената на тоа што го направил првиот човек не била мала. Се работело повеќе за валкан договор со ѓаволот, отколку за „господска" работа, ако ме разбирате. Многу крв од кокошки била пролиена додека црната магија не профункционирала. Но, за среќа тука се нашол Хари Потер, инаку најбогат човек во галаксијата и прв на листата на Форбс, трансдимензионално битие од планетата Мега Хитус, кој го финансирал целиов проект поради неговиот интерес во полето на магијата и магичните активности. Првиот човек морал да склучи договор со овој Маг на магијата ако ја сакал неговата финансиска помош, но за возврат морал да му ја даде својата душа. Така нашиот прв човек станал воедно и прв човек со заробена душа во рацете на Маџишн химселф Хари Д Пот. Поминале илјадници години и така доаѓаме до денешното време и сеуште многу неослободени души. Како и во сите ери и оваа ера има херој и анти-херој, како олицетворение на доброто и злото кои се во постојана и вечна борба, а оваа ера ни ги прикажа преку Реално Шоу.

(Стан. Четворица луѓе.)

**Новиот:** Јас сум Новиот, ме викаат и Нео, но откако клима уредите Нео станаа популарни, си го сменив името. Јас сум Херој на нашето време.

**Били Д Геј:** Јас сум Били Д Геј, 185-тата инкарнација на Хари Потер, лошиот магионичар од ерата на првиот човек. Јас сум тука да му ја искршам главата на Новиот и да се осигурам во доминацијата на лошото на светот.

**Бренда:** Јас сум Бренда. Мене ме уфрлија заради машкиот дел од публиката. Многу сум поубава од онаа кучка Дона.

**Дона:** Јас сум Дона. Јас сум ќерка на режисерот на ова шоу, а таа кучка може да мисли и зборува што сака.

**Мачка:** Мјау!

(Станот. Новиот и Бил се расправаат. Новиот држи дрвена лажица во раката. Бил држи крпа.)



Првиот човек и неговата прва чанта.

**Новиот:** Нема шанси да ме победиш!

**Бил:** Само надевај се!

**Новиот:** Јас сум херојот на приказнава. Белки не очекуваш ти да победиш.

**Бил:** Ова е реално шоу, а во реалноста победува само лошото!

**Новиот:** Е нема!

**Бил:** Замавни уште еднаш, ќе те плеснам!

**Новиот:** Престани. Ха-ха!

**Бил:** Еве ти на! Ха-ха-ха...

**Дона:** Тие двајцата се чудаци. Само се преправаат дека се мразат, а всушност се сакаат, слушајте ме, ви велам.

(Подоцна)

**Новиот:** Погодете што?

**Другите:** Што?

**Бил:** Ние решивме да се земеме!

**Дона:** Кој кого запроси? Кажете ми сè!

**Бил:** Мислев дека ќе умрам од среќа кога го видов прстенот!

**Режисерот:** Ја прекинуваме оваа епизода на „Богати и убави – борба на доброто против злото" за да ви соопштиме дека откако светот влезе во ерата на добросостојбата и рамнотежата помеѓу злото и доброто, на сите ни е толку здодевно што мислиме дека ќе полудиме!..

# ВЕСТИ ЗА НАЈМЛАДИТЕ

**Добар ден драги читателчиња. Во денешните вести за најмалите ќе читаме:**

Претседателот на Дизниленд, Мики Маус реши да даде оставка поради аферата со Папата, пардон Пата. Претседателот Пајо Патор молчи за целиот случај, иако од неофицијални извори дознаваме дека сакал да му ја скине главата на Мики. По оваа вест Пајо мистериозно исчезна, но ние дознаваме дека се наоѓа во затвор со максимална сигурност и дека планира бегство со помош на мапата на затворот скриена во тетоважите по неговото тело. Се шпекулира дека заверата оди во највисоки сфери, кои сакаат да го урнат царството на Дизни. Дизни, инаку, лежи замрзнат во комората за длабоко замрзнување на баба му, но пред замрзнувањето оставил упатства за насоките во кои сака да се развива неговата империја од мигот на неговото замрзнување до 2050 година. Еве дел од тие упатства:

**Дизни:** Пајо е непредвидлив лик, внимавајте на него! Ако некогаш посака да му наштети на Мики, тргнете го. Загубите по нашата империја ќе бидат помали ако го изгубиме Пајо, отколку да останеме без Мики. Мики ги знае тајните на успешно владеење со детските толпи, додека Пајо отсекогаш бил почетник во таа езотерична вештина.

**Мики** (На главата има ловоров венец. До него девојка го рани со грозје. Роб го лади со ладало.): Посилно! (на роботот). Добро е. Грозјенце! (отвора уста и џвака). Ха-ха-ха...




**Мао си го ребрендира имиџот**, во семеен човек кој го цени индивидуалниот материјален успех, како дел од кампањата „Како да станеш Капиталист". Се зборува дека следен ќе биде Пајо Кастров (ако преживее до тогаш).

*Пајо, недолжна жртва во мрежата на интриги од највисоко ниво, окултни ритуали и масонски лажги, решава да се спротивстави на системот. Затворот му ја отежнува задачата, но тој има испланирано сè. Користејќи ја мапата истетовирана на неговото паторско тело бега од затворот во Призрен (За тоа и повеќе гледајте во: „Призренски бег"). Успева да дојде до Мики преправајќи се во Пата и го убива!*

## МИКИ Е МРТОВ

**ПАНИКА ВО СВЕТОТ НА ДЕЦАТА.**

*Добар ден, драги гледачи. Светот осамна со досега невидена катастрофа. Не, не се работи за цунами, земјотрес или вулкан, не, нема мртви и повредени, туку нешто многу полошо. Духот на милиони деца низ светот е срушен и нема надеж дека некогаш повторно ќе се издигне. Да, драги гледачи, Мики е мртов! Не знаеме што повеќе да ви кажеме во овој тежок миг, освен надевајте се, надевајте се дека неговиот дух ќе продолжи да живее во нашите срца и дека Империјата Дизни му предвидела достоен заменик.*

*И навистина, Мики добива наследник, но далеку од таков каков што предвидела Империјата Дизни.*

**Пајо Кастров:** Добро утро Дизниленд, ви посакува вашиот нов владетел Пајо Кастров! Добро слушнавте, Мики е мртов, но сега слушнете го и ова: Заборавете го Мики и добродојдовте во новата ера! Ова е наша ера. Наше заедничко време кое ќе го изградиме со заеднички сили. Да, децата го изгубија Мики, но ќе добијат бесплатно образование! Возрасните можеби ќе изгубат неколку часа во денот посветувајќи се на своите деца, наместо ликовите од цртаните да го прават тоа за нив! Вие сте нивни родители, вие треба да ги воспитате, а не Мики! Можеби нешто ќе изгубиме, но ќе добиеме бесплатно образование, бесплатно здравство, социјална помош и ќе изградиме неосоцијалистичка Дизни империја верна на Стариот и оригиналниот Тестамент на Дизни!

*Набргу по овој говор завладуваат немири. Богатите не ги прифаќаат промените на општествениот систем и ги манипулираат толпите на побуна. Потоа е извршен атентат врз Пајо и власта врз државата му е привремено предадена на Шиљо. Шиљо го враќа стариот општествен поредок со сите привилегии и олеснителни околности за богатите и повторно го воспоставува култот кон Мики.*

**Шиљо Капиталов:** Мики е можеби мртов, но сеќавањето на него не е, неговиот дух не е мртов. Напротив, тој е посилен од кога и да е! Мики ќе живее вечно!

# МАЛИ ОГЛАСИ

Нудам филозофски совети за надминување на транзиционата криза на идентитетот на вашите автомобили од источно-европско производство преку стоички методи, а ако тоа не успее давам кредит за купување подобар автомобил. Поволно.

**ЗЕНОН**

*Но, кога Зенон ја напушти античка Грција и животот според филозофските начела за да ги продава своите знаења за пари, не знаеше дека ќе се сретне со Сумикс, супер-херој со посебна моќ за сумирање на нештата.*

**Сумикс:** Зеноне, ја предаде својата природа!

**Зенон:** Да, но сега имам повеќе пари, па можам да ја усовршам мојата филозофија. Види што смислив:

**Реклама:** Сакате да бидете стоик? Сакате да ги издржите сите маки кои ви ги дава животот. Без пари е лесно. Нема пари, нема стоицизам. Мислите дека е лесно да се заработат пари. Многу е полесно да се откажеш од сѐ и да кажеш, јас сум аскет, јас сум стоик. Да се затвориш во себе и да се откажеш од светот. Работи, заработувај! Тоа е вистински стоик! Посетете нѐ на www.zenon.com.

**Сумикс:** Но, тоа мене ми личи на самозалажување. Зарем парите не ти нудат задоволство?

**Зенон:** Не! Сите ги чувам во сеф на дното на базенот во мојата куќа со 36 соби и ништо не трошам. Сите мои 10 слуги знаат за парите. Така го зајакнувам стоицизмот кај нив, зашто јас се грижам за луѓето.

**Сумикс:** Зеноне, ти стоиш на врвот на стоицизмот!

**Зенон:** Никој не знае да сумира како тебе, Сумиксе!

*Драги читатели, ја прекинуваме оваа рубрика со најнови вести. Научниците имаат измислено машина за брзо читање, која од вас може да направи супер-херој кој чита екстра-брзо и знае сѐ што прочитал.*

РЕКЛАМА

Неверојатно откритие на најновата наука сега и во вашите домови. „Брзочит" е апарат кој потсетува на очила. Го ставате на очите и тој брзо чита за вас. Совршено за студенти, можете да ги положите испитите во рекордно време, а да излегувате секоја вечер. Се препорачува кај оние кои немаат време за читање, а сакаат да го прават тоа. Побрзајте, нарачајте!

*Кого го интересира бе ова! „Брзочит". А, бе кој чита денес! А!? Читал ли некој од вас? Наместо да измислеле некакви наочари со 100 телевизиски канали на нив, тие измислиле наочари за брзо читање. Ебате науката.*

*Ги прекинуваме овие вонредни вести со други вонредни вести. Неверојатно откритие на најновата наука сега и во вашите домови. „Брзоглед" е апарат кој потсетува на очила. Го ставате на очите и тој ви овозможува брзо прегледување на 100 ТВ канали наеднаш. Совршено за самци и за невработени. Се препорачува кај оние кои имаат обичај постојано да вртат по ТВ каналите без да застануваат повеќе од 2 секунди на еден од нив.*

**Ете тоа е веќе подобро. За тоа ви зборував. Кој чита денес бе луѓе, кој? Само слики се бараат. Само слики!**

**И НАВИСТИНА!**

ОЧЕКУВАЈТЕ НАСКОРО:

## КАПКА И НА ТЕЛЕВИЗИЈА!




Изданието е финансиски поддржано од Младински Културен Центар - Скопје

Печати: СТЕ-КА

Весников беше за прв пат промовиран на манифестацијата „Бела ноќ", на градскиот плоштад во Скопје, септември 2007.

Текстови и графички дизајн: КАПКА (Креативен активизам преку пародија, критика и алегорија)